# NSW FIRE BRIGADES

## БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА ХЕМИКАЛИИ ВО ДОМАЌИНСТВОТО

Fact Sheet 23 – Community Risk Management. Revised 1/11/2005

### ФАКТИ

Во 2001 г. имаше 4,858 случаи на случајно труење кои бараа хоспитализација при што многу од жртвите беа деца.

Фондацијата на Австралија за спречување на несреќни случаи кај деца (Child Accident Prevention Foundation of Australia) изјави дека секоја недела околу 50 деца се примаат во болница заради труење. Хемикалиите не се користат само во производството и тешката индустрија, тие се дел од секојдневниот живот. Продуктите кои ги користиме за чистење на кујните и купатилата, за перење на алишта и миење на садови, за заштита од штеточинки и за ѓубрење на градините се хемикалии, како што се и боите, пастите за полирање на автомобили и мебел, хлорот што го користиме во базените за пливање, бензинот, маслото за мотори, течноста за кочници и LPG-плинот.

Многу од продуктите кои се користат во домаќинството не ги препознаваме како хемикалии:

- сапуни, шампони, деодоранси и парфеми, лекови, сируп за кашлање и лекови кои се земаат на рецепт, витамини, билни лекови и биолошки средства за чистење.

Многу е важно сите хемикалии да се чуваат правилно и да се користат соодветно, според упатствата.

**Хемикалиите може да бидат отровни, запаливи или може да бурно да реагираат при мешање.**

### СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНО ЧУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ХЕМИКАЛИИ

Одржувајте го домот во безбедна состојба! Противпожарните бригади на Нов Јужен Велс (NSW Fire Brigades) ви препорачуваат да го користите овој едноставен список за безбедност:

- ✓ **ЧИТАЈТЕ ГИ ЕТИКЕТИТЕ** пред да купувате било какви хемикалии. Треба да разберете како правилно се користи хемикалијата и какви опасности таа предизвикува.
- ✓ **ИЗБЕРЕТЕ** продукт кој е најмалку опасен а сепак ќе ја изврши работата, посебно во присуство на деца.
- ✓ **ЗАКЛУЧЕТЕ** ги хемикалиите во шкаф каде што децата не можат да ги стигнат. **ЧУВАЈТЕ** ги најопасните хемикалии на дното од шкафот. **ЗАПОМНЕТЕ** дека децата се љубопитни, креативни и добри во качување.
- ✓ **СЛЕДЕТЕ** ги **УПАТСТВАТА** на производителот. Ракувајте со нив со крајна **ПРЕТПАЗЛОВОСТ**. Користете ја **ЗАШТИТНАТА** опрема што ви се препорачува: ракавици, заштитни очила, итн. Обезбедете соодветно **ПРОВЕТРУВАЊЕ**.
- ✓ **ИСПЕРЕТЕ** ги крпите за чистење после употреба и пред да ги фрлите во ѓубре.
- ✓ **ЧУВАЈТЕ** ги хемикалиите херметички затворени во оригиналните контејнери. На сите контејнери ставете **ЈАСНИ** етикети.
- ✓ **НЕ ЗАБОРАВАЈТЕ** дека некои лекарства личат како **ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ** или **ПИЈАЛОЦИ**. **ЧУВАЈТЕ ГИ ПОД КЛУЧ** подалеку од децата.
- ✗ **НЕ** ги мешајте хемикалиите.
- ✗ **НЕ ПОДГОТВУВАЈТЕ** повеќе хемикалии отколку што ви се потребни за работата.
- ✗ **НЕ** користете хемикалии за работи за кои тие не се наменети.
- ✗ **НЕ** ги истурајте хемикалиите во канализацијата, клозетот или сливникот на улица.

### ДЕЛУВАЈТЕ

Дали скоро сте ги **ПРОВЕРИЛЕ** местата каде што ги чувате хемикалиите и дали контејнерите се херметички затворени?

- Сте се **ЈАВИЛЕ** ли во локалната општина за да ги **ОТСТРАНИТЕ** старите или преостанатите хемикалии? Видете на: http://www.resource.nsw.gov.au/cleanout/chemical_collection.htm
- **СЛЕДЕТЕ** ги упатствата за прва помош. Ако се **ИЗГОРЕТЕ** на кожата или во очите, ако сте **ИСПИЛЕ** или **ГОЛТНАЛЕ** некоја хемикалија или ако **ВДИШЕТЕ** гасови - веднаш побарајте лекарска помош.
- **ЗАПАМТЕТЕ** го бројот на **ИНФОРМАТИВНАТА ЛИНИЈА ЗА ОТРОВИ (POISONS INFORMATION LINE): 131 126.**

ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ ВО ЛОКАЛНАТА СТАНИЦА НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ БРИГАДИ НА НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
или посетете ги Интернет страните: **www.fire.nsw.gov.au**

**ВО ИТЕН СЛУЧАЈ ТЕЛЕФОНИРАЈТЕ НА 000**